Бр./Nr 12-1324/9
26-07-2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1324/1 од 04.04.2024 година, оформен по доставена пријава против службеното лице ------, во моментот на поднесување на пријавата министер за ------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, член 8-а од Изборниот законик, и Законот за административни службеници.

Предметот со број 12-1324/1 од 04.04.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 04.04.2024 година, поднесена е пријава против службеното лице ------, во моментот на поднесување на пријавата министер за ------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година и оформен е предмет број 12-1324/1 од 04.04.2024 година. Наводите во пријавата се однесуваат на повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, Изборниот законик, и Законот за административни службеници од страна на ------ извршена со донесување на Решение бр. ------ од ------година на Министерството за ------ за распоредување на работно место. Подносителот тврди дека со Решение бр. ------ од ------ година бил

распореден од посебното работно место – Кабинетски службеник за координирање на проекти и програми на Министерството, во Кабинет на Министерот за ------, на работното место – Раководител на Сектор за заштита на ------, категорија ------, ниво ------почнувајќи од ------ година, со повреда на член 28 став 4 од Законот за административни службеници, односно член 8-а од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Со проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Државниот инспекторат за труд со допис – Известување бр. ИП1 ------ од ------ година, ја извести ДКСК дека врз основа на член 256 од Законот за работни односи, од страна на Државниот инспектор за труд ------ со службена легитимација бр. ------ бил извршен вонреден инспекциски надзор во Министерството за ------. Му биле презентирани Решението за распоредување на работно место кабинетски службеник бр. ------ од ------ година со кое подносителот на пријавата вработен на работно место Раководител на сектор за заштита на ------ со звање Раководител на сектор и шифра на работно место УПР ------ категорија ------, ниво ------, се распоредува на работно место кабинетски службеник за координирање на проекти и програми на министерството. Со Решение бр. ------ од ------ година за расоредување на работно место, подносителот на пријавата се распоредува на работно место Раководител на сектор за заштита на ------ со звање раководител на сектор и шифра на работно ------. При вршење на инспекцискиот надзор било утврдено дека подносителот на пријавата имал статус на административен работник и горенаведените решенија биле донесени врз основа на одредби од Законот за административни службеници, како и дека пријавата содржела наводи кои спаѓале под надлежноста на Државниот управен инспекторат, односно согласно член 99 од Законот за административни службеници инспекциски надзор над спроведување на одредбите на горенаведениот закон вршел Државниот управен инспекторат.
Државниот управен инспекторат со допис – Известување за превземени дејствија арх. бр. ИП1 бр. ------ од ------ година, ја извести ДКСК дека по извршен непосреден увид во списите од предметот од страна на управниот инспектор било констатирано дека во однос на спорното Решение бр. ------ од ------ година, подносителот на пријавата поднел жалба до Агенцијата за администрација. По изјавената жалба, Агенцијата донела Одлука бр. ------ од ------ година, со која

жалбата изјавена против спорното решение се одбива како несонована. Во конкретниот случај била спроведена постапка на мобилност преку распоредување од посебно работно место – кабинетски службеник на работно место административен службеник.

*Според член 43 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на институцијата, може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација, за што раководното лице на институцијата носи решение за негово распоредување во институцијата.*

*Според член 28 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), посебните работни места во кабинетите можат да се пополнат со административни службеници од истата или од друга институција (во натамошниот текст: кабинетски службеници) преку постапка на мобилност.*

*Според став 4 од истиот член, пред истекот на мандатот на функционерот кој го распоредил во кабинетот, на барање на функционерот или на негово барање, кабинетскиот службеник од ставот (2) на овој член со решение на функционерот се распоредува на работно место на исто ниво со нивото на работно место на кое работел пред да биде распореден во кабинетот и тоа во истата институцијата во која бил претходно вработен.*

*Според член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:*

*- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.*

ДКСК констатира дека во конкретниот случај не може да станува збор за повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што во истиот не е предвидена забрана за спроведување на постапка на мобилност, во конкретниот случај преку извршеното распоредување за време на изборниот период на подносителот на пријавата од посебно работно место – кабинетски службеник на работно место административен службеник, согласно предвиденото во член 28 став 2 и став 4 од Законот за административни службеници.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за административни службеници и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата